**20241302295**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Врз основа на член 60 став (5) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 155/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24 и 74/24), министерот за здравство донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОТРЕБНИОТ ПРОСТОР, ОПРЕМА И СТРУЧЕН КАДАР ЗА ОСНОВАЊЕ, ПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ ВО ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ**

Член 1

Во Правилникот за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 91/13 и 125/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 100/19, 243/19, 6/22, 40/22 и 92/24), во член 10 во воведната реченица по зборовите „биохемиско лабораториска дејност,“ се додаваат зборовите „во функционално поврзана целина со просторот за вршење на дејноста на ординацијата или на оддалеченост од ординацијата од најмногу 80 метри воздушно растојание,“.

Член 2

Во членот 11 точката А) се менува и гласи:

„А) Простор

1) Ординација 16 м2 со една стоматолошка столица за пациент и стоматолошки апарат со турбина, а ако во ординацијата се сместени уште две стоматолошки столици за пациенти, просторот за ординација од 16 м2 се зголемува за по 6 м2 за секоја следна стоматолошка столица, организиран така што се обезбедува непречено движење и безбедно растојание меѓу стоматолошките столици;

2) Чекална 9 м2, кој се зголемува за по 3 м2 за секоја следна стоматолошка столица ако во ординацијата се сместени уште две стоматолошки столици за пациенти, а ако во објектот се сместени повеќе ординации кои користат заедничка чекална, просторот за чекална се зголемува за 8 м2 за втората ординација и за по 5 м2 за секоја следна ординација;

3) Санитарен јазол со проточна топла и ладна вода за пациенти функционално поврзан со чекалната.“.

Во точка Б) во потточката 1) зборовите „сув стерилизатор“ се заменуваат со зборовите „уред за стерилизација (сув стерилизатор или автоклав)“.

Член 3

Во член 12 точка А) во потточката 1) зборовите „член 8“ се заменуваат со зборовите „член 11“.

Член 4

Во членот 14 се додава нов став (3), кој гласи:

“(3) Стоматолошка поликлиника на примарно и секундарно ниво спроведува здравствена дејност ако обезбеди најмалку простор, опрема и стручен кадар за работа на две или повеќе ординации на примарно ниво за општа стоматологија и од специјалистичко-консултативна дејност на секундарно ниво од областа на стоматологијата и заботехничко-лабораториска и радиодијагностичка дејност, во зависност од стоматолошката здравствена дејност што се врши во ординациите, пропишани со членовите 11 и 12 од овој правилник.“

Член 5

По членот 48 се додава наслов „Природно лекувалиште“ и нов член 48-а, кој гласи:

„Член 48-а

Природното лекувалиште обезбедува најмалку:

А) Простор

1) Простории за терапија со природен фактор - термоминерална вода со вкупна површина од најмалку 100 м2, во кои се распоредени базени и кади со термоминерална вода со температура од најмалку 300С, просторија за електротерапија 16 м2, просторија за локална термотерапија 16 м2, сала за кинезитерапија 16 м2, просторија за мануелна медицинска масажа 16 м2, ординација за физикална медицина и рехабилитација 16 м2, чекална 12 м2, просторија за интервенции 16 м2, просторија за медицинска документација 12 м2, просторија за сместување и чување на лекови и санитетски материјални средства 16 м2, санитарен јазол и гардероби за вработени и пациенти;

2) Болнички соби со најмалку 5 м2 по едно легло;

3) Просторни услови за исхрана на лежечките болни.

Б) Опрема

Опремата од член 9 став (1) точка Б) од овој правилник, за физикална медицина и рехабилитација и опрема за хидротерапија, за електротерапија, за локална термотерапија, за кинезитерапија, кревет за масажа, шише со кислород и специфична санитетска опрема за итна медицинска помош.

В) Стручен кадар

На секои 100 болнички легла, еден доктор на медицина - специјалист по физикална медицина и рехабилитација со лиценца за работа, четири здравствени работници со средно, вишо или високо образование со стекнати 180 кредити според ЕКТС од областа на медицината со положен стручен испит и четири здравствени работници со средно, вишо или високо образование со стекнати 180 кредити според ЕКТС од физиотерапевтска насока со положен стручен испит и доктори на медицина со лиценца за работа и/или доктори на медицина специјалисти, односно супспецијалисти со лиценца за работа, без оглед на бројот на леглата, за пружање на услуги согласно со карактерот на дејноста и во обем кој е потребен за спроведување на лекувањето и рехабилитацијата во природното лекувалиште.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 11-4225/4
18 јуни 2024 година
Скопје

Заменик министер
за здравство,
д-р **Маја Манолева,** с.р.